Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 01-5611/1
25.12.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ГОДИШЕН ПЛАН
# ЗА ВРШЕЊЕ АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР ВО 2026 ГОДИНА

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 15[1], во врска со член 27 став 3 и член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 63/24, 74/24, 218/24 и 87/25) и член 15 став 1 алинеја 23 и член 41 став 1 алинеја 13 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (бр. 01-3632/1 од 22.8.2025 година), а во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата бр. 02-5529/9 од 25.12.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 24. седница, одржана на 25.12.2025 година, усвои

# ГОДИШЕН ПЛАН
# ЗА ВРШЕЊЕ АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР ВО 2026 ГОДИНА

Административен надзор се врши врз работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со условите утврдени во Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз основа на него. Административниот надзор над работењето на издавачите на печатен медиум и на издавачите на онлајн медиум – интернет портал исклучиво се врши само од аспект на усогласеност на нивното работење со обврските утврдени во членовите 6, 8, 14 и 15 од Законот за медиуми.

Годишниот план за административен надзор (понатаму во текстот Годишен план) го донесува Советот на Агенцијата на предлог од директорот.

Според Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, административниот надзор може да биде редовен, вонреден и контролен. Годишниот план се однесува само на редовниот надзор.

При планирањето на обемот на активности за редовен надзор во овој Годишен план земени се предвид: обврските на Агенцијата кои произлегуваат од Годишниот план за програмски надзор во 2026 година; другите активности планирани во Програмата за работа на Агенцијата; претпоставките за вонредни надзори што можат да произлезат врз основа на претставки од правни или физички лица или реализирани по службена должност на Агенцијата; како и фактот дека во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата има обврска по секоја изречена мерка, откако ќе истече рокот определен во поединечниот акт за нејзино изрекување, да спроведе контролен надзор.

---

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 248/18)

## РАДИОДИФУЗЕРИ

Годишниот план за редовен административен надзор во врска со исполнувањето на обврските коишто произлегуваат од член 14 од Законот за медиуми и член 51 и член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги опфаќа: радио и телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРТ), радиодифузерите со дозвола за работа на државно ниво и дел од радиодифузерите што емитуваат програма на регионално и локално ниво.

Редовниот административен надзор врз исполнувањето на обврските од член 15 ставови 1, 4 и 6 од Законот за медиуми и на обврските од членот 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и членовите 9 и 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување ќе ги опфати сите комерцијални радиодифузери.

### Редовен административен надзор

*Преглед на законските одредби што ќе бидат предмет на надзор:*

**Член 14 (Закон за медиуми)**
**Импресум**

(1) Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум, телевизиска емисија и во делот за импресум на онлајн медиумот – интернет порталот) да обезбеди објавување на следниве податоци:
- назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,
- име на одговорното лице на издавачот на медиум,
- име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и
- назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување,како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум.

(2) За радиодифузери обврската од ставот (1) на овој член се применува на тој начин што податоците се објавуваат на почеток или на крајот на аудио/аудиовизуелните програми.

(3) Издавачот на медиум е должен на соодветно место за секоја содржина да ги објави следниве податоци:
- име и презиме на авторот на објавениот прилог,
- име и презиме на лицето, односно фирмата носител на авторски права за објавените содржини, освен во печатениот медиум и радио програмите,
- датум на продукцијата (месец и година) кога се работи за аудио/аудиовизуелно дело,
- потекло на аудио/аудиовизуелното дело, а доколку делото е создадено од независна продукција и информација за истото,
- името на правното, односно името и презимето на лицето кое го чува користеното културно добро или архивско дело, односно соодветната репродукција и
- името на издавачот на медиум од кој е преземен програмскиот прилог или исечок од програмскиот прилог, освен ако со меѓусебен договор поинаку не е уредено.

**Член 15 (Закон за медиуми)**
**Јавност во работата на издавачите на медиуми**

(1) Радиодифузерите се должни до 31 март во тековната година на посебен образец пропишан од страна на надлежното регулаторно тело да му достават податоци за:

- сопственичката структура, односно податоци за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или на удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување,

- податоци за одговорниот уредник/уредници,

- податоци за изворите на финансирање на радиодифузерот во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично),

- податоци за остварените вкупни приходи и расходи на радиодифузерот во претходната година од обезбедувањето на дејноста и

- податоци за просечната гледаност или слушаност на радиодифузерот во претходната година.

(2) Издавачите на печатен медиум се должни податоците од ставот (1) алинеја 1 на овој член да ги објават во најмалку еден дневен весник, еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година и исечок од објавата да му доставата на надлежното регулаторно тело во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

(3) Издавачите на онлајн медиуми –интернет портали се должни до 31 март во тековната година на посебен образец пропишан од страна на надлежното регулаторно тело да му доставaт податоци за:

- сопственичката структура, односно податоци за називот и седиштето на правните лица или името и местото на престојување на физичките лица кои се сопственици на акции или удел кај издавачот на медиумот, со податоци за процентот на акциите или уделот кој го стекнале и датумот на стекнување,

- податоци за одговорниот уредник/уредници,

- податоци за остварените вкупни приходи и расходи на издавачите на онлајн медиуми –интернет портали во претходната година од обезбедувањето на дејноста и

- податоци за вкупниот број на вработени односно ангажирани лица.

(4) Радиодифузерите се должни податоците од ставот (1) алинеи 1, 2 и 3 на овој член да ги објават и на сопствената програма, најмалку три пати годишно, во ударни термини и снимката од објавата да му ја доставаат на надлежното регулаторно тело во рок од 15 дена од денот на објавувањето на начин пропишан од страна на надлежното регулаторно тело.

(5) Обрасците од ставовите (1) и (3) на овој член се објавуваат на вебстраницата на надлежното регулаторно тело.

(6) Радиодифузерите се должни на надлежното регулаторно тело да му доставаат писмен извештај, за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио или телевизиско емитување, а особено за спроведувањето на програмскиот концепт, најдоцна до 31 март во тековната година. Во прилог на извештајот се доставува и информација за техничките средства преку кои се емитува или реемитува нивниот програмски сервис во Република Северна Македонија или надвор од неа. Писмениот извештај се доставува на образец кој го пропишува надлежното регулаторно тело.

(7) Надлежното регулаторно тело писмено ќе го опомене издавачот на медиумот кој нема да ги изврши обврските предвидени со овој член и ќе му даде дополнителен рок кој не може да биде пократок од 45 дена а во кој издавачот на медиумот ќе биде должен да ги изврши обврските од овој член. Доколку издавачот на медиум и во дополнителниот рок не ги изврши обврските предвидени со овој член, надлежното регулаторно тело ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување согласно со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

(8) Издавач на печатен медиум е должен на Националната и Универзитетската библиотека на Република Северна Македонија бесплатно да и доставува примерок од секој издаден број на печатен медиум.

(9) Одредбите од овој член не се однесуваат на јавниот радиодифузен сервис.

**Член 51 (Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги)**
**Информации достапни за корисниците**

(1) Давателите на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги треба на своите корисници да им овозможат лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци:

- името на давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга, односно називот, заштитниот знак или сопствениот скратен идентификациски знак (авизо, лого и слично),

- адресата на седиштето на давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга,

- податоци за контакт со давателот на аудио или аудиовизуелната медиумска услуга (телефонски број, адресата на електронската пошта и/или веб страница, контакт лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и

- доколку е возможно и за надлежното регулаторно тело.

(2) Знаците за идентификација мора да бидат истакнати континуирано на сите програми, односно да се емитуваат најмалку еднаш во текот на еден реален час на радио програмата.

(3) Давателите на аудио или аудиовизуелните медиумски услуги можат да ги употребуваат само нивните знаци за идентификација.

(4) Давателите на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги се должни за секоја промена на нивните знаци за идентификација да достават примерок од нив до Агенцијата.

### Член 97 (Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги)
### Идентификација на радиодифузер

(1) Радиодифузер треба да има свој знак за идентификација.

(2) Знакот за идентификација на радиодифузерот, мора да биде континуирано истакнат за време на емитување на телевизиската програма, односно да се емитуваат најмалку еднаш во текот на еден реален час на радиопрограмата.

(3) Во случаите кога радиодифузер емитува програма во единствен систем, во текот на траењето на таа програма тие, исто така, се должни да ги истакнуваат знаците на идентификација.

(4) Радиодифузер не може да употребува знак за идентификација поинаков од оној утврден во дозволата за вршење на радиодифузна дејност.

(5) Радиодифузерот за секоја промена на знакот за идентификација е должен да достави примерок од истиот до Агенцијата.

### Член 62 став 6 (Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги)
### Услови за обезбедување на телевизиско или радио емитување

За обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата.

### Член 9 (Правилник за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување)
### Број и структура на вработените

Имателот на дозволата за радио емитување е должен во редовен работен однос да има најмалку:

1) 10 (десет) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување говорно или говорно-музичко радио на државно ниво;
2) 7 (седум) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување музичко или музичко-говорно радио на државно ниво;
3) 4 (четири) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување говорно или говорно-музичко радио на регионално ниво;
4) 3 (три) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување музичко или музичко-говорно радио на регионално ниво;
5) 2 (две) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на локално ниво, за подрачје со над 50.000 жители;
6) 1 (едно) лице кое учествува во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на локално ниво, за подрачје со под 50.000 жители.

Одговорниот уредник на програмскиот сервис треба да биде во редовен работен однос.

Лицата наведени во ставовите 1 и 2 од овој член треба да се вработени во радиодифузерот со полно работно време, согласно одредбите од Законот за работните односи.

Лица кои учествуваат во создавањето на програмата се новинари, спикери, техничари на опрема за снимање и пренос на звук, монтажери, како и лица вработени на други работни места директно поврзани со создавањето на програмата.

Исполнувањето на минималните кадровски услови се докажува со доставување документ Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 издаден од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

### Член 21 (Правилник за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување)
### Број и структура на вработените

Имателот на дозволата за телевизиско емитување на програмски сервис од општ формат е должен во редовен работен однос, да има најмалку:

1) 70 (седумдесет) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на државно ниво преку терестријален предавател;
2) 20 (дваесет) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на државно ниво преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит;

3) 7 (седум) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на регионот Д1-Скопје;

4) 5 (пет) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на регионите: Д1-Црн Врв - Велес, Д2-Страцин, Д3-Туртел, Д4-Боскија, Д5-Пелистер, Д6-Мали Влај и Д8-Попова Шапка;

5) 3 (три) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на регионот Д7-Стогово;

6) 4 (четири) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на локално ниво, за подрачје со над 50.000 жители;

7) 3 (три) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на локално ниво, за подрачје од 30.000 до 50.000 жители;

8) 2 (две) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на локално ниво, за подрачје со под 30.000 жители.

Имателот на дозволата за телевизиско емитување на програмски сервис од специјализиран формат е должен во редовен работен однос да има најмалку:

1) 10 (десет) лица ако има дозвола за емитување програма на државно ниво;
2) 3 (три) лица ако има дозвола за емитување програма на регионално ниво;
3) 1 (едно) лице ако има дозвола за емитување програма на локално ниво.

Одговорниот уредник на програмскиот сервис и од општ и од специјализиран формат треба да биде во редовен работен однос.

Лицата наведени во ставовите 1, 2 и 3 од овој член треба да се вработени во радиодифузерот со полно работно време, согласно одредбите од Законот за работните односи.

Лица кои учествуваат во создавањето на програмата се новинари, спикери, техничари на опрема за снимање и пренос на слика и звук, сниматели, монтажери, како и лица вработени на други работни места директно поврзани со создавањето на програмата.

Исполнувањето на минималните кадровски услови се докажува со доставување документ Пријава/Одјава во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 издаден од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија

*План за надзор – видови радиодифузери и период на реализација:*

Редовниот административен надзор **за почитувањето на обврските од членовите 14 од Законот за медиуми и 51 и 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** ќе се спроведе врз:

- Националните комерцијални телевизиски програмски сервиси кои емитуваат преку ОЈКМ - *во март 2026 година;*
- Националните сателитски комерцијални телевизиски програмски сервиси – *во март 2026 година;*
- Националните терестријални комерцијални телевизиски програмски сервиси – *во мај 2026 година;*
- Телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис - *во јуни 2026 година;*
- Радиопрограмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис – *во јуни 2026 година;*
- Националните комерцијални радиопрограмски сервиси – *во јули 2026 година;*
- Регионалните комерцијални телевизиски програмски сервиси – избор од 6 *во август 2026 година;*

- Локалните комерцијални телевизиски програмски сервиси – избор од 6
  *во септември 2026 година;*

- Регионалните комерцијални радиопрограмски сервиси – избор од 6
  *во октомври 2026 година;*

- Локалните комерцијални радиопрограмски сервиси – избор од 6
  *во ноември 2026 година;*

- Непрофитни радиопрограмски сервиси -
  *во декември 2026 година.*

Редовниот административен надзор **за почитувањето на обврските од член 15 став 6 од Законот за медиуми** (писмен извештај за спроведување на програмскиот концепт и условите од дозволата) се спроведува врз сите комерцијални радиодифузери врз основа на податоци што имаат обврска да ги доставaт најдоцна до 31 март во тековната година, а се однесуваат на претходната календарска година.

- Сите комерцијални радиодифузери –
  *во април 2026 година.*

Редовниот административен надзор **за почитувањето на обврската од член 15 став 1 од Законот за медиуми** ќе се спроведе врз:

- Сите комерцијални радиодифузери –
  *во април 2026 година.*

Редовниот административен надзор **за почитувањето на обврската од член 15 став 4 од Законот за медиуми** ќе се спроведе врз:

- Сите комерцијални радиодифузери –
  *во април, јули и ноември 2026 година.*

Редовниот административен надзор **за почитувањето на обврските од член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 9 и 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување** ќе се спроведе врз сите комерцијални радиодифузери, по еднаш во текот на годината.

## ИЗДАВАЧИ НА ПЕЧАТЕН МЕДИУМ

Административниот надзор над издавачите на печатени медиуми ќе ги опфати обврските што произлегуваат од член 14 став 1 и член 15 став 2 од Законот за медиуми.

*План за надзор – издавачи на печатен медиум и период на реализација:*

Редовниот административен надзор **за почитувањето на обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми** ќе се спроведе врз:

- Сите издавачи на печатен медиум –

*во февруари, јуни и октомври 2026 година.*

Редовниот административен надзор **за почитувањето на обврската од член 15 став 2 од Законот за медиуми** ќе се спроведе врз:

- Сите издавачи на печатен медиум –

*во април 2026 година.*

## ИЗДАВАЧИ НА ОНЛАЈН МЕДИУМИ – ИНТЕРНЕТ ПОРТАЛИ

Административниот надзор над издавачите на онлајн медиуми – интернет портали ќе ги опфати обврските што произлегуваат од член 14 став 1 и член 15 став 3 од Законот за медиуми.

*План за надзор – издавачи на онлајн медиуми – интернет портали и период на реализација:*

Редовниот административен надзор **за почитувањето на обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми** ќе се спроведе врз:

- Сите издавачи на онлајн медиуми – интернет портали –
  *во февруари, јули и ноември 2026 година.*

Редовниот административен надзор **за почитувањето на обврската од член 15 став 3 од Законот за медиуми** ќе се спроведе врз:

- Сите издавачи на онлајн медиуми – интернет портали –
  *во април 2026 година.*

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги

претседател на Советот,

---------------------------------------
м-р Сашо Стефановски

